**20251663655**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 2 од Законот за трговија (*) („Службен весник на Република Македонија” бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.77/21, 215/21, 295/21, 150/22 и 16/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 август 2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ ЦЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ ВО ТРГОВИЈАТА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈАТА НА МАЛО

Член 1

Со оваа одлука се определуваат највисоките цени во трговијата на големо и трговијата на мало со училишен прибор и тоа на следните производи:

- ранци и ташни;
- тетратки, блокови, колажи;
- моливи и пенкала (економични, пластични);
- дрвени и мрсни боици;
- пластелин, теста за моделирање, подлоги;
- флomaстери и текст маркери;
- темперни, акрилни, водени бои и четки;
- линијари и дидактички материјали;
- острилки и гуми за бришење;
- детски ножици;
- футроли и етуи;
- лепак, шестар, дигитрони;
- украсна хартија;
- папки и картонски ташни и
- материјали за изработка.

Највисоките цени на производите од ставот 1 на овој член се утврдуваат на нивото на цените (со исклучок на цените на акциска продажба) кои се применувале на 1 јуни 2025 година во трговијата на големо, кои цени се намалуваат најмалку за 10%, како и во трговијата на мало (специјализирани продавници за продажба на училишен прибор, продавници за спортска опрема кои продаваат ранци и ташни и трговци на мало кои во својот асортиман на производи продаваат и училишен прибор), кои цени се намалуваат најмалку за 15% .

По исклучок од ставот 2 на овој член, за производите кои се набавени по 1 јуни 2025 година, највисоките цени на производите од ставот 1 на овој член се утврдуваат на нивото на цените евидентирани во Материјалната евиденција во трговијата на големо (Образец МЕТГ), кои цени се намалуваат најмалку за 10%, како и на нивото на цените евидентирани во Приемниот лист во трговијата на мало (Образец ПЛТ), кои цени се намалуваат најмалку за 15% .

Член 2

Трговците за вршење дејност трговија на мало, производите од членот 1 од оваа одлука, кои се поставени на полиците треба јасно да ги обележат со натписот „помалку трошоци, повеќе за тебе“, кој е објавен на веб - страницата на Министерството за економија и труд, како и со претходната продажна цена на која е утврдено намалувањето и новата намалена продажна цена.

Член 3

Највисоките цени на производите од членот 1 од оваа одлука ќе се применуваат од 15 август 2025 година до 15 септември 2025 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-7713/10
7 август 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.